**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**Бр. 16-10012/3**
**29.12.2014 година**
**С к о п ј е**

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014 , 116/2014 и 180/2014 ), донесоа

## З А К Л У Ч О К

Постапката поведена со писмо број 16-10012/1 од 28.11.2014 година за вршење на редовен инспекциски надзор во ПУ “Бранкица“- Скопје, се запира.

## О б р а з л о ж е н и е

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 25.12 и 29.12.2014 година извршија редовен инспекциски надзор во, ПУ “Бранкица“- Скопје, ул.Ѓоре Ѓорески бр 46 , општина Бутел.

Инспекцискиот надзор е извршен во поглед на спроведувањето и примената на Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, („Службен весник на Република Македонија” број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014 ,116/2014 и 180/2014), Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2005, 120/2005 и 51/2011) и Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита за стари лица (”Службен весник на Република Македонија” број 10/2005), подзаконските, општите, поединечните и другите акти донесени врз нивна основа, во поглед на остварувањето и користењето на правото на сместување во установа за социјална заштита.

При редовниот инспекциски надзор на записник број 16-10012/ од 29.12.2014 година не се констатирани неправилности во остварувањето на правото на сместување во Установата, поради што согласно член 41 од Законот за инспекциски надзор (,,Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013 и 41/2014), се донесе заклучок како во диспозитивот.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 29.12.2014 година под број 16-10012/3

**Упатство за правно средство:** против овој заклучок може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на инспекцискиот акт преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектори за социјална заштита**
Генерален инспектор, Владо Аврамовски
Виш инспектор, Благица Пирова
Виш инспектор, Марушка Ѓеоргиева
Инспектор, Јасмина Ѓорѓиевска